Инспекторите за социјална заштита од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 242 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014 и 33/2015), (во натамошниот текст:Законот), а за отстранување на недостатоците и неправилностите утврдени со записникот број 16- 4785/1 од 13.05.2015 година за извршен вонреден инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово застапуван од Директорот Даниел Живачки, донесоа

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се наредува на Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово ( во натамошниот текст: Центарот), за отстранување на констатираните недостатоци и неправилности утврдени со записникот број 16- 4785/1 од 13.05.2015 година да ги преземе следните мерки, во роковите од страна на одговорните лица и тоа:

1. Центарот по службена должност да ги преиспита донесените решенија за престанок на правото на надоместок за помош и нега од друго лице и правото на додаток за мобилност и слепило и да донесе нови решенија со кои ќе ги замени предходно донесените решенија во спротивност со Законот, односно новите решенија за престанок на правото да се применуваат со денот на престанокот на условите за користење на правото.

Центарот по конечноста на решението каде е констатирана неоснованата исплата да води постапка за спогодбено враќање на неосновано и противправно примените средства, како и постапка за право на надомест на штета што е во согласност со член 189 став 2 и од член 209 до 213 од Законот.

**Рок: 30 Септември 2015 година**
**Одговорни лица: Директорот и стручното лице**

2. Центарот по службена должност повремено, а најмалку еднаш годишно да го преиспитува постоењето на фактите и условите за стекнување и користење на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице и доколку утврди дека истите се променети да донесе ново решение, што е во согласност со член 191 од Законот

**Рок: постојана задача**
**Одговорни лица: Директорот и стручното лице**

3. Директорот на Центарот веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено да ги извести инспекторите за социјална заштита од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика, дали се извршени наредените инспекциски мерки, согласно член 30 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ број 50/2010, 161/2010,157/2011, 147/2013, 41/2014 и 33/2015).

Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инспекторите за социјална заштита од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика извршија редовен инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална Куманово на 12.05.2015 година, во поглед на спроведувањето и примената на Законот за социјална заштита, Законот за семејството, подзаконските, општите, поединечните и другите акти донесени врз негова основа.

За извршениот инспекциски надзор и констатираната состојба, инспекторите составија записник број 16- 4785/1 од 13.05.2015 година.

Согласно член 242 од Законот и член 30 од Законот за инспекциски надзор, (,,Службен весник на Република Македонија,, број 50/2010, 161/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014 и 33/2015), се донесе решение како во диспозитивот.

Жалбата не го задржува извршувањето на решението согласно член 244 став 2 од Законот.

Решено во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден година под број 16- 4785/2 од 13.05.2015 година.

**Упатство за правно средство:** против ова решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 8 дена од денот на приемот на решението преку Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

**Инспектори за социјална заштита :**
Зоран Стојанов
Соња Налбанти-Димоска
Сејди Џемаили